**Трет јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2015 година**
**Добиени ставови и мислења и став на Агенцијата**

**- 18.09.2015 година -**

Третиот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се одржа во новите простории на Агенцијата, Палата Панко Брашнаров, на 18 септември, со почеток во 11:00 часот.

Состанокот го отвори Директорот на АААВМУ, д-р Зоран Трајчевски кој посочи дека за третиот јавен состанок се подготвени повеќе презентации, првата која е сублимат од реализираната годишна програма на Агенцијата во изминатово тромесечје; потоа делот посветен на развојот на медиумската писменост во РМ: Програмата за поттикнување на медиумската писменост во РМ и промоцијата на ТВ спотот за безбедност на интернет и последната презентација, посветена на начинот на кој се врши надзор за емитување на изворно создадена програма.

По најавата, Директорот на АААВМУ, д-р Зоран Трајчевски, ја презентираше првата презентација, реализираните активности согласно Годишната програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во период од 16.06.2015 – 14.09.2015 година.

За значењето на медиумската писменост, контекстот за нејзиниот развој, целите поставени со Програмата за медиумска писменост и улогата на Агенцијата во подигањето на свеста, олеснување на учеството и координирање на активностите за развој на медиумската писменост зборуваше Емилија Јаневска, Раководителка на Секторот за програмски работи во АААВМУ. Во продолжение следеше промоцијата на ТВ спотот за безбедност на интернет „Каде е Горан?“, за чијшто мотив за вклучување во целиот овој процес на адаптација на спотот и за вклучувањето во кампањата, се надоврза претставничката на ТВ Сител Анета Ветерова – Шошкиќ.

Спотот повторно го актуелизира проектот „Сурфај безбедно“ на Министерството за информатичко општество и администрација, во чии рамки беше изработен софтвер за родителска контрола врз Интернет – содржините до кои пристапуваат децата. Како што посочи претставникот од Агенцијата за електронски комуникации г-дин Синиша Апостолоски, фокусот на овој проект е разбирање на ризиците и опасностите кои ги демнат децата и младите на интернет, како и на препораките за нивно навремено препознавање.

По завршувањето на презентацијата на проектот„Сурфај безбедно“, беше поставено прашање дали оваа платформа ја има и на други јазици освен на македонски, при што беше одговорено дека делови од оваа кампања се преведени и на албански јазик. На овој одговор се надоврза и г-ѓа Лилјана Пецова од Дирекција за заштита на лични податоци, која потенцираше дека во интерес на заштита на детската популација од пристап кон недолични содржини и комуникации, како и од злоупотреба на личните податоци на социјалните мрежи, Дирекцијата за заштита на личните податоци и Метаморфозис, Фондација за интернет и општество, изработија Водич за

родители за заштита на приватноста и личните податоци на децата на интернет, за да можат родителите, чии деца претрпеле одредена злоупотреба ни личните податоци на интернет, дознаат каде да се обратат и како да постапат и замоли доколку може овој прирачник да се закачи на веб платформата „Сурфај безбедно“, за да можат да се информираат што поголем број на родители. На ова прашање г-дин Синиша Апостолоски од АЕК, ја замоли претставничката од ДЗЛП, Лилјана Пецова најпрво да се обрати до МИОА, бидејќи тие биле главните иницијатори и координатори на проектот „Сурфај безбедно“, а тој бил присутен на овој состанок како замена на колешката од МИОА.

Последната презентација, за обврската за емитување изворно создадена програма и начинот на вршење надзор ја презентираше Рубин Талески, Виш соработник во одделението за културен идентитет, по што следеше дискусија околу најчестите проблеми на радиодифузерите при остварување на оваа обврска од законот.

**Панел дискусија: прашања и мислења од присутните и став на Агенцијата по истите:**

Меваип Авдиу од Тв Коха Тетово посочи дека обврската за емитување на изворно создадена програма е законска, но е преголема и побара да се види дали има можност за измена на членот од законот, односно да се намали процентот од оваа обврска, нагласувајќи дека сите сме сведоци дека некои телевизии емитуваат утринска емисија во два часот после полноќ; скоро сите телевизии попладне емитуваат, реемитуваат утрински програми - од една национална телевизија на друга национална телевизија, само да ја исполнат обврската, бидејќи казните се многу високи.

Емрула Чеграни од ТВ Чеграни се заблагодари на поканата и упати честитки за новите простории на Агенцијата и потенцираше дека има забележано на многу медиуми, сопствена програма која ја емитуваат во ден или датум кога веќе нема ефект. Пр. Емисија која се репризира на полноќ, во која се вели добар ден или добро утро и сл. Посочи дека не е целта само да се пополни процентот од обврската, туку треба внимателно да се види ефектот на емисиите, дали се актуелни и сл.

Драган Секуловски од ЗНМ упати честитки за новите простории на Агенцијата, го поздрави коментарот на колегите кои зборуваа претходно и потсети дека уште во 2013 година, кога била првата верзија од овој закон, од ЗНМ сметале дека се премногу високи процентите на домашна продукција, на документарна и играна програма. Г-дин Секуловски ја поздрави иницијативата за намалување на процентот за домашна продукција во иднина, во согласност со ставот на другите чинители, по што постави неколку прашања.

-Првото прашање беше поврзано со презентацијата посветена на спроведените активности согласно Годишната програма на АААВМУ, во делот на спроведените постапки за порамнување, за кои побара подетално да се објасни кои се тие 8 постапки за порамнување што се во тек, кои се успешно а кои две неуспешно завршени?

*Одговор на Директорот на АААВМУ д-р Зоран Трајчевски*

Г-дин Трајчевски посочи дека за сите постапки слободно може да се провери веб страната на Агенцијата, каде има детални информации и писмени извештаи за сите постапки кои се наведени во презентацијата. Спомена дека има повторно казна за МТВ 1, имаше казна за ТВ Коха, за која се констатира дека е правен мониторинг на деновите на жалост 3 и 4 август и на барање на ТВ Коха се прави дополнителен мониторинг за друг ден а не за денот кога било ден на жалост во Тетово и сеуште не е завршено, но се надева дека ќе биде во ред. Исто така ја спомена и ТВ Ултра од Тетово, кај која во истите денови кога беа поплавите е правен мониторингот и не ги исполнувала квотите, меѓутоа на нивно барање направен е мониторинг на друг ден, кој покажа дека го исполнуваат условот и ТВ Алсат која имаше прекршување и нејзината постапка за порамнување е во тек. На крајот повторно истакна дека е слободен пристапот на веб страната на Агенцијата, каде се објавени сите телевизии поединечно, со целосни писмени извештаи со точно наведени членови од законот кои се прекршени. Согласно Законот, Агенцијата задолжително треба да ги објави сите извештаи на веб страната. Веб страната може да се следи на дневна основа, односно како извештаите се заверуваат во архивата на Агенцијата, така автоматски се објавуваат на веб страната на Агенцијата.

- Второто прашање беше посветено на МТВ и прекршување на член 92 од страна на јавниот сервис, за недоволно произведена домашна продукција, за што беше отпочната прекршочна постапка од страна на Агенцијата, при што беше побаран одговор како се заврши овој случај?

*Одговор на Директорот на АААВМУ д-р Зоран Трајчевски*

Г-дин Трајчевски посочи дека кај МТВ е констатирано непочитување на член 92, во делот на обврската да емитува одреден број часови играна и документарна програма на годишно ниво. За констатираниот прекршок е направен писмен извештај, известена е МТВ и истата потпиша порамнување, да плати 50% од казната за да не оди на суд. Во законски утврдениот рок, МТВ не ја плати казната и Агенцијата покрена прекршочна постапка против неа. Сеуште не е започнато рочиштето, најверојатно зошто во периодот јули и август судовите не работеа и се очекува за брзо време да почне постапката на суд.

Драган Секуловски од ЗНМ имаше дополнително прашање: Дали има проблем со МТВ 2 и колкав е процентот на домашна продукција?

*Одговор на Директорот на АААВМУ д-р Зоран Трајчевски*

Г-дин Трајчевски во врска со прашањето одговори дека во месец август е направен мониторинг на МРТ 2 при што беше констатирано дека ја исполнува обврската.

Мухамер Беќири од ТВ Шења посака успешна работа во новите простории и постави три прашања. Првото прашање се однесуваше на презентацијата на Рубин Талески, односно на ТВ базата, ако

телевизијата емитува 24 часа и побара уште еднаш да се објасни што се одзема од тие 24 часа и која е таа база врз која се пресметуваат тие 40% изворно создадена програма?

*Одговор на Вишиот соработник во одделението за културен идентитет,  Рубин Талески*

Во презентацијата е објаснета претпоставена ситуација, а тоа фигурира кај сите медиуми, бидејќи најчесто на дневно ниво се 24 часа емитувана програма. Не се смета процентот од 40% од овие 24 часа, првично треба да се земат сите програмски содржини што не влегуваат во пресметка, а тоа се програмските содржини што не подлежат на класификација: аудиовизуелни комерцијални комуникации каде што спаѓаат рекламите, ТВ шопингот, спонзорството, потоа објави на радиодифузерот во врска со најавите на сопствена програма, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, музички интермеца, верски програми, служби и проповоди, програми за физичка култура и рекреација-спортски активности, најави или одјавни шпици, џинглови кои се користат како преод од една до друга програмска содржина. Овие содржини не подлежат на класификација и се земаат првично од пресметката, додека се она што останува како маса-обем на програма влегува во пресметка за изворно создадена програма и се она што останува мора да ги исполнува трите функции односно да се програми со информативна функција, образовна функција или програми со забавна функција. Во конкретниот случај тоа се 20 часа откако ќе се земат овие 4 часа со реклами, шпици, верски програми и од тие 20 часа се врши пресметката на 40 % изворно создадена програма. Напомена, дека е ова е земено како средна вредност, според медиумите од мониторингот од искуство како се движи кај телевизиите обемот на програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма и тоа е најчесто меѓу 18 и 22 часа е тој обем од којшто се бараат овие 40%, назначи дека ги земал овие 20 часа како некоја средна вредност и од тие 20 часа, 40% е 8 часа и секако дека останува и онаа обврска од овие 8 часа, 50% да бидат емитувани од 07:00 до 19:00, иако може да емитуваат и повеќе од овој период, но дека 8 часа е минимумот.

-Второто прашање беше во однос на тоа кои се правните механизми, кои медиумите можат да покренат постапка околу намалување на  процентите на изворно создадена програма, доколку е тоа возможно?

*<u>Одговор на Директорот на АААВМУ д-р Зоран Трајчевски</u>*

Околу постапката за измена на закон, предлагач може да биде МИОА или група пратеници од парламентот, треба да има иницијатива од една или повеќе телевизии, радија или било кој субјект да поднесе иницијатива до МИОА или до парламентот, за да се изврши измена на законот.

- Третото прашање кое се постави гласеше: Во случај од 07:00 до 19:00 часот, да се емитува 4 часа премиерна програма и истата се репризира од 19:00 до 07:00 часот наутро, дали се исполнува условот од 8 часа изворно создадена програма?

*Одговор на Вишиот соработник во одделението за културен идентитет,  Рубин Талески*

Првично пресметката се прави од 00:00 до 24:00 часа во тековниот ден, не се зема премин потоа во наредниот ден. Според Законот пресметката се прави во тековниот ден што подразбира од 00:00 часот до 24:00 часот, значи едно денонokие. Репризата не влегува во пресметка во истиот ден, репризата може да се смета како премиера во наредниот ден, ако е емитувана после полноќ. Пр. Ако утринската програма е емитувана во 08:00 часот, по претпоставка денес и ако таа утринска програма се реемитува наредниот ден околу 02:00 часот по полноќ, значи таа е премиера во наредниот ден. Ако утринската програма се репризира во текот на овој ден, веќе е реприза и таа не влегува во пресметка за изворно создадена програма, влегува само премиерата.

Драган Секуловски од ЗНМ се пријави со дополнително прашање, при што го посочи проектот на ЕУ твининг фишето од 2011година со наслов „Слобода на изразување - поддршка во медиумските реформи. Посочи дека лидер на тој проект била Агенцијата за медиуми, а останати партнери биле Комисија за заштита од конкуренција, ЗНМ и МРТ. Притоа изрази жалење бидејќи добиле известување дека овој проект нема да се реализира. На крај постави прашање зошто Агенцијата мисли дека ниеден чинител немал интерес да се јави за да ја имплементира оваа програма?

*Одговор на Директорот на АААВМУ д-р Зоран Трајчевски*

Г- дин Трајчевски одговори дека најверојатно причината е малата сума на средства која што била предвидена за твинингот и таа е најверојатно недоволна. Притоа нагласи дека Агенцијата се обратила до Министерството за финансии и до Делегацијата на ЕУ уште еднаш да го реобјави повикот, бидејќи 20-ти ноември е крајниот рок, меѓутоа шансите се само теоретски и минимални. Посочи, да не се сфати како критика, меѓутоа сите институции кои биле вклучени во проектот, изминатите години, многу повеќе и одмогнале на Агенцијата отколку што и помогнале. На крајот изрази жалење, бидејќи овој проект нема да се реализира и нагласи дека Агенцијата веќе имала сличен проект минатата година и напомена дека најмногу корист од овој проект би имале ЗНМ, МРТ и КЗК. Посочи, дека Агенцијата стои на располагање, меѓутоа проблем е дали ќе може да се најде партнер од земјите од европската унија, којшто би сакале да го реализираат твинингот.

Г-дин Трајчевски, во продолжение потсети дека пред јавниот состанок е испратен допис до сите радиодифузери и ОЈЕКМ, да одберат тема за која би се дискутирало на третиот јавен состанок, но дека немало таков интерес од никого и потсети за можност за наредниот јавен состанок, да се предложи тема која што би била од интерес на поголема група на субјекти, коишто се предмет на регулација на Агенцијата.

Милош Дејановиќ од Радио Роса и честиташе на Агенцијата за новите простории и ги поздрави сите присутни, по што даде предлог во врска со процентот за изворно создадена програма. Посочи дека за националните телевизии, треба да остане овој процент, бидејќи од лично искуство како љубител на телевизијата се сеќава на сите програми кои ги емитувала МРТВ, коишто биле културно информативни или образовни програми и кои образувале многу деца. Нагласи, дека неговиот предлог е во поглед на локалните и регионалните радиодифузери, односно ТВ станици, за нив да се преполови процентот, односно да немаат обврска за 40%, затоа што некои немаат толкава финансиска можност да ангажираат толкав број на уредници, водители, креатори на

програма итн. за да остварат таква програма, конкретно со акцент на квалитетот на програмата. Тие законски одредени 40% да бидат квалитетна изворно создадена програма.

На крајот од состанокот, Директорот Трајчевски посочи дека Агенцијата е отворена за соработка и уште еднаш ги повика сите радиодифузери, печатени медиуми и оператори на јавни комуникациски мрежи, како и останатите засегнати страни, да дадат свои мислења или предлози на теми, кои би се презентирале на следниот јавниот состанок во месец декември оваа година.

Прилог:

- Листа на присутни на третиот јавен состанок за 2015 година.

**Трет јавен состанок за 2015 година**

**Листа на присутни**

| **Листа на присутни учесници на третиот јавен состанок за 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** | | |
|---|---|---|
| бр. | **Институција** | **Име и презиме** |
| 1 | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Зоран Трајчевски |
| 2 | | Зоран Фидановски |
| 3 | | Селвер Ајдини |
| 4 | | Драгица Љубевска |
| 5 | | Емилија Јаневска |
| 6 | | Магдалена Давидовска Довлева |
| 7 | | Горан Радуновиќ |
| 8 | | Ирена Бојаџиевска |
| 9 | | Емилија Петреска Камењарова |
| 10 | | Ивана Стојановска |
| 11 | | Јетон Исмаили |
| 12 | | Агрон Адеми |
| 13 | | Рубин Талески |
| 14 | | Несрин Сејфула |
| 15 | | Цветанка Митрева |
| 16 | | Весна Симоновска |
| 17 | | Илија Витков |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | ТВ 21 | Зимер Јашари |
| 19 | Алфа ТВ | Зоран Бојаровски |
| 20 | БЛИЗУ | Лидија Голубова |
| 21 | МОН | Мирна Парутовска |
| 22 | ФИНКИ | Весна Димитровска |
| 23 | АЕК | Синиша Апостолоски |
| 24 | Сител ТВ | Љупчо Златев |
| 25 | Сител ТВ | Анета Шошкиќ |
| 26 | ЦРМ | Елена Костовска |
| 27 | Совет за Етика во медиумите | Марина Ѓорѓиевска |
| 28 | | Марина Тунева |
| 29 | ЕУ Делегација | Сања Фрковиќ |
| 30 | Комисија за заштита од дискриминизација | Мирсад Арифи |
| 31 | Антена 5 | Зоран Петров |
| 32 | РФМ Радио | Филип Петрезанов |
| 33 | Радио Роса | Милош Дејановиќ |
| 34 | О2 Телевизија | Милевски Николче |
| 35 | ТВ Ера | Мухамер Беќири |
| 36 | ТВ Аниса | Елсан Јаоски |
| 37 | ТВ Коха | Меваип Авдиу |
| 38 | ДЗЛП | Лилјана Пецова |
| 39 | Македонски Телеком | Вера Самарџиева |
| 40 | | Благој Христов |
| 41 | ЗНМ | Драган Секуловски |
| 42 | МИОА | Мишко Талески |
| 43 | | Дејан Василевски |
| 44 | Наша ТВ | Тина Гоговска |
| 45 | ? | Сани Ибрахимовски |
| 46 | ТВ Ера | Исмаил Синани |
| 47 | ТВ Чеграни Медиа | Емрула Чеграни |